## ЧЕКОР 4 – **Праќање**

1. Пополнете го образецот со податоци за учесникот (Participant Details).




2. Напишете ги вашето име, презиме и адреса на задната страна на ковертата со платена поштарина (Reply Paid) и потпишете се на предната страна.



3. Образецот со податоци на учесникот и двете ампули за собирање (во затворена кесичка - ziplock bag) ставете ги во ковертата со платена поштарина и залепете ја.



4. Однесете ја ковертата во пошта **во рок од 24 часа** или **спуштете ја во поштенско сандаче** на Australia Post **доцна попладне (пред 6 часот навечер)**.



Примероците мора да останат студени, па не оставајте ги на жешко место, на пример во кола.

## Прашања

Ако имате прашања како да го направите тестот, јавете се на дежурната линија Test Kit Helpline на **1800 930 998** (од понеделник до петок од 7.30 наутро до 10 навечер по австралиско источно стандардно време, или во сабота и недела од 9 наутро до 7 навечер по австралиско источно стандардно време) или гледајте кусо видео на **www.cancerscreening.gov.au/bowel**

## Преведување

За информации на македонски јазик видете на www.cancerscreening.gov.au/translations или јавете се во **Службата за писмено и усно преведување** на **13 14 50**.

## Вашиот резултат

Резултатот од вашиот тест ќе ви биде пратен вам и на вашиот доктор (ако е наведен) неколку недели откако сте ги пратиле примероците.

**ПАТОЛОШКИ УСЛУГИ**

SONIC HEALTHCARE
Quality is in our DNA

**СПОНЗОР**

r-biopharm

34 WOODFIELD BOULEVARD CARINGBAH NSW 2229

**ПРОИЗВОДИТЕЛ**

EIKEN CHEMICAL CO., LTD.

**www.cancerscreening.gov.au**

Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM

# Комплет за домашен тест Упатства

4 лесни чекори кои може да ви го спасат животот.

**Дежурна линија за тестот 1800 930 998**

**www.cancerscreening.gov.au**

# Упатства

## Вашиот комплет содржи




**2 покривки (liners) за тоалет**



**2 ампули (цевки) за собирање**



**1 кесичка со затворање**



**1 коверта со платена поштарина**

## Пред да почнете

### Работи што треба да ги знаете

✓ Не треба ништо да менувате во вашата исхрана и лекови.

✓ Треба да соберете два многу мали примероци од две одвоени одења по голема нужда (измет) – по еден од секое одење по голема нужда. Соберете ги двата примерока колку што е можно поблизу еден по друг.

✓ Собраните примероци чувајте ги на температура меѓу 2 и 8 Целзиусови степени (најдобро во фрижидер, но НЕ замрзнувајте ги) додека да ги пратите по пошта.

### НЕ правете го тестот ако:

✗ Имате хемороиди што крваваат. Ако тоа се случи, отидете кај вашиот доктор.

✗ Видите крв во мочта, изметот или во тоалетната шолја. Ако тоа се случи, отидете кај вашиот доктор.

✗ Имате менструација. Тестот направете го најмалку три дена откако ќе ви заврши менструацијата.

### ЧЕКОР 1 – Подготовка



1. На една од етикетите на ампулите (цевките) напишете ги
   - вашето име и презиме во [N]
   - датумот на раѓање во [A]
   - датумот на земање на примерокот во [D]



2. Пред да го соберете примерокот, испразнете го мочниот меур (измочајте се) и пуштете вода во тоалетот.



3. Ставете ја покривката за тоалет (toilet liner) врз водата во тоалетната шолја.

   Натписот треба да биде одозгора.

4. Ако покривката потоне и натаму е во ред да соберете примерок или може да побарате нов комплет.

### ЧЕКОР 2 – Собирање



1. Извршете голема нужда врз покривката (liner).



2. Отворете ја ампулата (цевката) за собирање **свртувајќи** го зеленото капаче.



3. Со врвот на стапчето загребете врз различни делови на површината на изметот.

   Примерокот треба да биде многу мал – помал од зрно ориз.



4. Ставете го стапчето назад во ампулата за собирање и **затворете ја со притискање додека капачето да кликне.**

   **Протресете** ја ампулата горе-долу неколку пати. Не вадете го веќе стапчето.



5. Пуштете вода во тоалетот за да ги однесе покривката и изметот.

   Измијте ги рацете.

### ЧЕКОР 3 – Сместување и повторување



1. Ставете ја ампулата во кесичката со затворање (ziplock bag).
2. Ставете го примерокот во фрижидер. **(Не замрзнувајте го)**.
3. **Повторете ги чекорите од 1 до 3** со втората ампула за собирање кога следниот пат ќе одите по голема нужда (истиот ден, следниот ден или што поскоро можете).



***Свртете за Чекор 4.***

*„Тестот може да изгледа малку непријатно, но тој е чист и лесен, и може да ви го спаси животот. Потребни се само две одења во тоалет, праќање на тестот по пошта и тоа е сè."*